Утрински весник, 4-4-2000, 237, 16,
ис 481

## Едукативно - дидактичка изложба во МСУ

# Тапиесерии по 15 години извадени од фундус

## Обид за „поагресивен настап“ на македонските тaписеристи

КАТЕРИНА БОГОЕВА

Дванаесет тапиесерии од осум автори како избор од колекцијата на Музејот на современа уметност во Скопје се поставени на зидовите на кои удира пролетната светлина и по петнаесет години ги откриваат повторно заборавените убавини. Тие се дел од едукативно - дидактичката изложба отворена деновиве пред која ученици од предучилишна возраст и основно образование ќе ги учат тајните на изработка и уметничките вредности на овој вид применета уметност. Музејскиот Практикум каде и се изведува практичниот дел од изложбата не е отворен само за учениците туку и за сите заинтересирани посетители.Ова е еден од четирите проекти финансирани во рамките на Годишната програма на Министерството за култура. Другите три се: “Компјутерска графика“ - Дениз Тенев, “Во новиот век“ (проект кој што се реализира секоја година за Денот на музеите, 18 мај, кој е своевидно претставување на сето она што го изработиле младите во текот на наставата во Музејот), и проект кој го содржи предавањето на м-р Никола Ефтимов “Модата како уметност“. Ефтимов во текот на април ќе работи со децата од претшколска возраст и ќе ги воведе во тајните на модното креирање а за текот на есента е закажано предавање за средношколците на наведената тема.

**Уметниците (оние помладите) покажуваат искрен интерес да работат овде. Веројатно сакаат да се докажат, да пренесат нешто и не го условуваат тоа со големи хонорари бидејќи знаат дека ние немаме многу пари. Настапуваат и со свои средства за да го реализира она што сме го замислиле претходно.**

Планираме да се известат поголем број уметници од областа на сликарството графиката, скулптурата, од областите кои не сме ги прикажале до сега за да се заинтересираат за презентација на своите дела кои стојат во фундусот. Тапиесериите не беа преставени во јавноста десет -петнаесет години наназад. Голем број од авторите кои изработуваат вакви дела многу често ги презентираат во странство но овде како да нема слух од нивна или од наша страна за меѓусебна комуникација. Како да незнаеме да комуницираме и поради тоа делата стојат долго време непрезентирани. Со поставувањето на изложбата сакав да ги поттикнам да настапат поагресивно, и овде кај нас да носат информации, каталози од таму каде што настапуваат, да воспоставиме подобра комуникација. Преставувањето на тапиесериите сега на оваа изложба е со едукативно - дидактички карактер,но доколку се воспостави вистинска комуникација можеме во иднина и да организираме изложба на некој од македонските автори. Младите сега добиваат сознанија дека македонската тапиесерија е и нешто повеќе од она што е овде преставено а тоа се дела во 60 тите, 70-тите и 80-тите години но уметниците кои изработуваат тапиесерии треба да дојдат и едноставно да атакуваат на јавноста дека се тука, дека се присутни - изјави авторката на изложбата, кустосот Елизабета Јанковска.

Тапиесериите кои се изложени се само еден дел од збирката која ја поседува МСУ и во неа се делата на Д. Коцо, Д. Миљановски, Мира Спирова, Рада Петрова, Д. Стојановски, Патриција Веласко, Ј. Овидска и др ...

### Декоративната функција на тапиесеријата

По првичната намена да служи за затоплување, тапиесеријата со тек на времето ја наоѓа својата исклучиво декоративна функција. За “вистински тапиесерии“ се сметаат делата изработени во Европа на крајот на 12 век, а за најстара се смета тапиесерија изработена во германските манастирски работилници.

Современата тапиесерија во Македонија како посебна ликовна дисциплина се јавува во средината на 20 век а корените и се во црковниот вез, килимарството, декорацијата на текстил, во народните носии и сл. кои опстојуваат како посебни гранки во народното творештво од 19 век.Почетоците се направени од неколкумина автори, сликари: Л. Личеноски, Д. Протуѓер, С. Трајковски, Д. Коцо, Д. Стојановски, Рада Петрова- Малкиќ, Момчило Петровски, Мира Спировска, Доне Миљановски...